*Психологија: наука и практика*, Vol. VI (11-12), 2022

УДК: 343.352.159.923
Прегледен научен труд

# А ЗОШТО ДА НЕ? КОНТЕКСТУАЛНИ И ИНДИВИДУАЛНИ РАЗЛИКИ ВО КОРУПТИВНИТЕ АКТИВНОСТИ

**Калина Сотироска-Иваноска**[1]
*Институт за психологија, Филозофски факултет,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје*

**Кратка содржина**

Корупцијата го забавува економскиот развој на општеството, го ограничува напредокот и претставува значаен предизвик со кој се соочуваат организациите. Целта на овој труд е да направи кус преглед на сознанијата за односите помеѓу индивидуалните разлики кај поединците и коруптивното однесување од една страна и контекстуалните фактори и коруптивното однесување од друга страна, отворајќи го прашањето за неутрализирање на истото. Врз основа на изнесените наоди од релевантни истражувања се заклучува дека секој поединец е подложен да се вклучи во коруптивни активности, со што трудот претставува основа за понатамошни истражувања и насочува кон практични импликации на стекнатите сознанија, за превенција на корупцијата.

**Клучни зборови**: *корупција, лидерство, бизнис-етика, етичко лидерство*

[1] kalina.sotiroska@fzf.ukim.edu.mk

Медиумите обелоденуваат секојдневно зголемување на случаите на корупција како на локално, така и на глобално ниво. Како резултат на тоа, последните децении корупцијата и коруптивните активности се во центарот на националните и на меѓународните политики. Корупцијата претставува еден од најголемите проблеми во рамките на општеството, кој може да навлезе во секој агол на државата и да биде штетен за нејзината благосостојба (Khan and Krishnan, 2019). Корупцијата се определува како индивидуално деморализирање што резултира со злоупотреба на моќта за лични добивка што се коси со општествените или со моралните норми (The Oxford English Dictionary Online, 2000). Корупцијата се објаснува како поткупливост (Дигитален речник на македонскиот јазик, 2022), односно претставува збир од коруптивни дејствија како злоупотреба на овластувањата за лична, индивидуална и/или организациска добивка (Ashforth & Anand, 2003). За корупцијата се поставува и дефиниција што укажува дека е злоупотреба на позицијата во организацијата или авторитетот за лична или организациска или секторска добивка, каде злоупотребата претставува отстапување од декларативно прифатените општествени норми. Намерите за корупција се однесуваат на подготвеноста на вработениот да се вклучи во коруптивно однесување, притоа ставот и субјективната норма кои ја фаворизираат корупцијата, водат кон желба да се делува коруптивно, потоа желбата се трансформира во корупциски намери кои често се реализираат во коруптивни дела (Rabl & Kuhlmann, 2008). Корупцијата се базира на размена помеѓу најмалку две страни, едната страна давател на мито и другата страна примател на мито, кои меѓусебно преговараат за размена на придобивки (Rabl & Kuhlmann, 2008).

Корупцијата им нанесува штета на организациите и на јавните интереси, соодветно корупцијата се смета за неморално и незаконско однесување.

Кај луѓето постои тенденција да се вклучуваат во активности кои даваат поголеми економски приноси (North, 1990). Таквите активности стануваат нормализирани во рамките на организацијата, односно се вградуваат во организациските структури и процеси. Нормализацијата настанува преку институционализација, така што коруптивните практики се спроведуваат како рутинска работа, честопати без свесно размислување за нивната пристојност. Потоа преку рационализација, процес со кој поединците кои се впуштаат во коруптивни дела користат општествено изградени сметки за да ги легитимираат дејствијата во свои очи, а со процесот на социјализација, следните генерации се учат да ги извршуваат и прифаќаат коруптивните практики како пожелни (Ashforth & Anand, 2003). Се поставува прашањето кои луѓе и кога, се повеќе склони да се вклучуваат во преземањето коруптивни активности?

*Отворени прашања*

Истражувањата укажуваат дека контекстот и персоналните карактеристики претставуваат предиктори на корултивните активности (Bendahan et al., 2015). Покрај важноста на концептот корупција, многу малку се знае за психолошките антецеденти на корултивното однесување (Julián & Bonavia, 2020). Се отвораат многу прашања за поврзаноста на корултивното однесување со организациската етика, верувањата и вредностите како дел од културата, перципираните норми и индивидуалните разлики. Амор и соработниците (Amore, Garofalo and Guerra, 2022) со лабораториски експеримент се обиделе да откријат дали и како можат лидерите да поттикнат неетичко однесување кај вработените. Нивните наоди укажуваат на двоен ефект на лидерството врз етичкото однесување во рамките на организациите, работниците се однесуваат поетички кога нивните лидери прават етички избори, но лидерите не прават етички избори по секоја цена.

Бендан и соработниците (Bendahan et al., 2015) се обиделе да го поврзат корултивното однесување со контекстот и личноста, а притоа користеле инсентивизирани експериментални игри за да ја манипулираат моќта кај лидерите. На лидерите им била дадена целосна автономија во одлучувањето за исплатите за себе и за нивните следбеници, за да се утврди како лидерите ја користат моќта за нивна лична корист и како лидерите ги прекршуваат социјалните норми, во функција на моќта на штета на општото добро. Врз основа на систематски анализи на публикации кои ги истражуваат психолошките варијабли со корултивните активности, се открило дека организациските варијабли како што се однесувањето на лидерот и стратегиите за оправдување се поврзани со корупцијата (Julián & Bonavia, 2020). Во истото истражување, се открива дека перципирањето на корумпирана околина и социјални норми, како и меритократските и материјалистички вредности се исто така поврзани со корултивните активности. Се забележува дека се зборува за корултивно однесување, а не за корумпирани луѓе, што упатува дека социокултурните, економските и ситуациските фактори можат да стапат во интеракција со личноста на поединецот и на тој начин може секој човек да се вклучи во корупција.

*Контекстуалните компоненти и корултивните активности*

Во литературата недостасуваат емпириски истражувања кои се насочени кон откривањето на психолошките фактори кои ќе овозможат да се објасни зошто корупцијата е неконтролирана во одредени контексти, додека во други контексти таа речиси и да не постои (Köbis et al., 2015).

Лидерите претставуваат обликувачи на организациската култура и се наметнува прашањето дали моќта корумпира. Оние кои биле искрени и имале општествено прифатливи ставови во моментот на стапување на лидерска позиција, многу лесно ги промениле нивните морални перспективи откако ја вкусиле моќта (Bendahan et al., 2015).

Во рамките на земјите со низок ЦПИ корупцијата е начин на живот, луѓето ја сфаќаат здраво за готово. Ниските придонеси оневозможуваат поединците легално да заработуваат дополнителни финансии и се во искушение да посакуваат нешто (Tang et al., 2018).

Зголемувањето на корпоративните етички вредности во организациите, исто така, може значително да ја намали корупцијата бидејќи повеќето луѓе сакаат да добијат награда и да избегнат казна во социјален контекст (Gorsira et al., 2018).

При објаснувањето на поврзаноста помеѓу нормите и преземањето коруптивни активности, најпрвин потребно е да се направи дистинкција на нормите и тоа дескриптивни норми, кои пренесуваат информации како повеќето луѓе се однесуваат во одредена ситуација и задолжителни норми, кои пренесуваат информации за конкретни активности кои повеќето луѓе ги одобруваат или не одобруваат. Наодите (Köbis et al., 2015) укажуваат дека перципираните норми за одредено корумпирано однесувањето се поврзани со коруптивно однесување. Сознанието дека корупцијата е широко распространета, има клучна улога кај поединците во донесувањето одлука да се вклучат во корупција (Köbis et al., 2015).

Доколку поединците се соочени со често коруптивно однесување во нивната средина, кај нив е поголема веројатноста да ја неутрализираат и да ја прифаќаат корупцијата како нормален дел од бизнисот и постои поголема веројатност да веруваат дека треба да се вклучени за да можат да бидат дел од бизнисот (Hauser, Simonyan, & Werner, 2021).

*Индивидуалните разлики и коруптивните активности*

Истражувањата на корупцијата на микрониво се насочени кон откривање на индивидуалните антецеденти во однос на коруптивните активности.

Темната тријада на личноста, составена од трите антисоцијални личносни карактеристики, макијавелизмот, нарцисоидноста и психопатијата, најчесто се поврзува со неетичко однесување (Roeser et al., 2016). Макијавелизмот се дефинира како пресметана манипулација, дволичност, лукавство и непочитување на моралот. Нарцизмот се карактеризира со оптимистички егоизам и е во позитивна корелација со егоцентричност, чувство на супериорност, суета и

грандиозност. Нарцисоидните личности најчесто бараат непосредна добивка на сметка на туѓите интереси. Тоа може да предизвика многу негативни ефекти, што на крајот ќе им донесе штета на поединците и на деловните организации. Нарцизмот може да го зголеми контрапродуктивното однесување на поединецот, да создаде интерперсонални бариери и да доведе до неефикасно управување (O'Boyle et al., 2012; Spain et al., 2014; Smith et al., 2018; според Liu et al., 2021). Gu et al. (2021) утврдиле дека нарцизмот бил позитивно поврзан со корупцијата само во услови на досада. Нарцизмот позитивно ја предвидува корупцијата кога досадата е висока, додека ефектот исчезнува кога досадата е ниска. Резултатите укажуваат на важноста од намалување на досадата за да се спречи корупцијата на нарцисоидните личности. Психопатијата и макијавелизмот се предиктори за коруптивни интенции. Испитаниците со висока изразеност на психопатијата и макијавелизмот биле поподготвени да прифатат коруптивни активности (Szabó et al., 2021).

Психопатијата е поврзана со висока импулсивност, бесчувствителност и социјално аверзивни однесувања. Во литературата често овие три личносни карактеристики се поврзуваат со високите позиции во организациите и токсичното лидерство (Larsen & Buss, 2018).

Во своите наоди, Zhao, H., Zhang, H., & Xu, Y. (2016) открија дека темната тријада на личноста била позитивно поврзана со намерата за земање поткуп, потоа дека врската помеѓу нарцизмот и намерата за земање поткуп, и онаа помеѓу психопатијата и намерата за земање поткуп беше посредувана од верувањето во добра среќа при избегнување казни. Сепак, ова верување во добра среќа не го посредува односот помеѓу макијавелизмот и намерата за земање поткуп. Ваквите резултати се соодветни додека се контролираат демографските варијабли, диспозиционалниот оптимизам и самоефикасноста. Според овие наоди верувањето во добра среќа може да биде една од причините што објаснуваат зошто луѓето со темна тријада е поверојатно да се вклучат во корупција без оглед на потенцијалните исходи.

Поединците со повисоко ниво на изразеност на цртата макијавелизам се повеќе склони да користат когнитивни стратегии за оправдување или вреднување на коруптивното однесување, бидејќи тие стратегии им овозможуваат навидум да дејствуваат во согласност со нивните себични намери без притоа да ја нарушат нивната репутација во околината (Hauser, Simonyan, & Werner, 2021).

Како барател на ризици се определува личноста која претпочита ризици. Наодите укажуваат дека карактеристиките на ризичнољубивоста и иновативноста се позитивно поврзани со веројатноста за плаќање поткуп, додека внатрешниот локус на контрола на менаџерите е негативно поврзан со веројат-

носта за плаќање поткуп. Резултатите наведуваат дека менаџерите, кои имаат ризични љубовни карактеристики и се ангажираат за поткуп, се поврзани со пониски перформанси на организацијата.

Екстравертноста била директно поврзана со тенденцијата за учество во коруптивни активности, додека педантноста како особина била индиректно поврзана со корупцијата (Agbo & Iwundu, 2016). Испитувајќи ја мотивација на учесниците, наодите одат во насока на тоа дека надворешната мотивација поттикнува коруптивно однесување, за разлика од повисоките нивоа на внатрешна мотивација.

Луѓето, кои се поистоветуваат со карактеристиките на личноста што ги немаат, но се однесуваат како да ги имаат, заедно со карактеристики како што се „етички менталитет“ и нивната слика за себе, имаа способност да го разделат нивниот морален расудувачки капацитет од нивните дела, имаат поголема веројатност да учествуваат во коруптивни активности (Hauser, Simonyan, & Werner, 2021).

*Рационализација на корупцијата*

Разгледувајќи ги дефинициите за корупција, може да се заклучи дека станува збор за активности кои носат „лична или организациска корист“, а се толкуваат како етички во контекст на организацијата, така што се развиваат техники на рационализација и социјализација кои ги преобразуваат неетичките дела како оправдани (Anand, Ashforth & Joshi, 2004). Рационализацијата се однесува на ментални тактики кои ги користат поединците да ги прикажат неетичките активности како прифатливи (Coleman & Ramos, 1998, според Langan-Fox, Cooper & Klimoski, 2007). Користејќи ја рационализацијата, поединците се убедуваат себе си и другите дека не се коруптивни, поттикнати од потребата за психолошка реституција и помирување, преку верувања за себеубедување со цел да се постигне ослободување (De Klerk, 2017). Стратегиите на рационализацијата не се само post hoc оправдувања, туку претставуваат и како ex ante детерминанти на коруптивното однесување (Rabl &Kühlmann, 2009). Во прилог одат наодите кои укажуваат дека поединците кои имаат карактер одреден како „целта ги оправдува средствата“ го користат како начин за рационализација за да го оправдаат нивното девијантно однесување и прифаќаат коруптивно однесување (Hauser, Simonyan, & Werner, 2021).

Тргнувајќи од тврдењето дека секој понекогаш се однесува неетички, се поставува прашањето дали неетичките однесувања се јавуваат еднаш или постојано. Кога се развиваат post hoc морални рационализации кај поединците со ниско ниво на морал, може да дојде до вклучување во нови неетички

однесувања, дури и да го зголемат интензитетот на неетичноста. Додека кај поединците кои се идентификувани со висок морал, многу е помала веројатноста дека ќе го следат тој пат ( Mulder & van Dijk, 2020).

*Етичкото лидерство како редуктор на коруптивните активности*

Нормите на однесување се поставуваат од страна на лидерот, а етиката се базира од директните и од индиректните сигнали кои ги даваат лидерите, притоа чесните вработени можат да бидат заведени од менаџерите дека е потребно да се направи за да се постигнат целите на организацијата (De Klerk, 2017). Тргнувајќи дека корупцијата претставува неетичко однесување, се очекува дека етичкото лидерство ќе ги намали интенциите на следбениците кон коруптивните активности. Етичкото лидерство може да ја редуцира корупцијата кај следбениците, што ги проширува аспектите од наодот дека етичкото лидерство е корисно за намалување на неетичкото однесување во една организација (Bedi et al., 2016; Peng and Kim, 2020). Поединците вклучени во корупцијата развиваат рационализација, убедувајќи се себе си и другите луѓе од околината, дека не се корумпирани и дека нивните активности се оправдани (De Klerk, 2017).

Следбениците со етички лидер се впуштаат во помалку намерно размислување и интуитивно избегнуваат неетичко однесување како што е корупцијата. Manara et al. (2020) ја истражувале комбинацијата од ситуациски и личносни фактори, односно корисниот ефект на етичкото лидерство врз намалувањето на корупцијата, улогата на макијавелизмот на следбениците како модератор и интуитивниот стил на размислување на следбениците како посредник. Наодите од истражувањето укажуваат дека етичкото лидерство ја намалува корупцијата со тоа што ги наведува следбениците да се воздржуваат од интуитивно вклучување во корупција. Исто така резултатите кои Manara et al. (2020) ги добиле откриваат дека етичкото лидерство во интеракција со макијавелизмот на следбениците води кон намалувањето на корупцијата.

Овој труд укажува на потребата за нови сознанија поврзувајќи ги контекстуалните и личносните компоненти во објаснувањето на корупцијата, бидејќи на општествата им се потребни лидери кои морално ќе се однесуваат и ќе придонесат кон унапредување на организациите, а и во политичка смисла и кон развивање на општествата. Проучувањето на однесувањето на вклучените страни во коруптивните активности претставува предизвик. Сознанијата кои се добиваат од истражувањата за поединците вклучени во корупција и контекстуалните чинители, како и развивањето соодветни лидерски вештини, ќе помогнат во структурирањето на инструменти и преземање

соодветни политики за намалување на корупцијата. Контекстуалните фактори несомнено имаат поврзаност со појавата на коруптивното однесување, бидејќи поединците имаат влијание и се под влијание на околината со што се создава процес на реципрочна интеракција (Bandura, 1971 според Hauser, Simonyan, & Werner, 2021).

Редовната обука на вработените се смета за еден од најефикасните начини за спречување на корупцијата, со што ќе се направат обиди за минимизирање на ризикот кај вработените за впуштање во коруптивни активности, ќе се оневозможи да преовладуваат техниките за неутрализација и да се поттикнат промени во однесувањето (Hauser, 2019).

Врз основа на изнесеното се истакнува важноста на проучувањето на корупцијата и другите конструкти поврзани со корупцијата, односно да се добијат емпириски потврдени информации врз основа на кои ќе се спроведат програми за намалување на корупцијата во рамките на општеството. Неопходно е да се истражува корупцијата од психолошка перспектива, што ќе овозможи основа за преземање ефективни политики во борбата против корупцијата.

**Литература**

Amore, M. D., Garofalo, O., & Guerra, A. (2022). How Leaders Influence (un)Ethical Behaviors within Organizations: A Laboratory Experiment on Reporting Choices. *Journal of Business Ethics*. https://doi.org/10.1007/s10551-022-05088-z

Anand, V., Ashforth, B., & Joshi, M. (2004). Business as usual: The acceptance and perpetuation of corruption in organizations. *Academy of Management Executive*, *18*(2), 39-53. https://doi.org/10.5465/AME.2004.13837437

Ashforth, B. E., & Anand, V. (2003). The normalization of corruption in organizations. In R. M. Kramer & B. M. Staw (Eds.), *Research in organizational behavior: An annual series of analytical essays and critical reviews,* Vol. 25, pp. 1–52). Elsevier Science Ltd.

Bendahan, S., Zehnder, C., Pralong, F.P., & Antonakis, J. (2015). Leader corruption depends on power and testosterone. *Leadership Quarterly, 26*, 101-122.

De Klerk, JJ. (2017). 'The Devil Made Me Do It!' An Inquiry Into the Unconscious 'Devils Within' of Rationalized Corruption. *Journal of Management Inquiry*, 26(3), 254-269.

Gorsira, M., Steg, L., Denkers, A., & Huisman, W. (2018). Corruption in organizations: Ethical climate and individual motives. *Administrative Sciences*, *8*(1), 4.

Gu, Z. B., He, Y. Y., Liu, L., Liang, Y., Huang, L. L., Dang, J. N., Wei, C., & Su, Q. (2021). How does narcissism influence corruption? The moderating role of boredom. *Personality and Individual Differences*, *183*, 111149. https://doi.org/10.1016/j.paid.2021.111149

Дигитален речник на македонскиот јазик онлајн. http://drmj.eu/show/%D0%BA%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BF%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0/%D0%B6

Fisman, R., & Miguel, E. (2007). Corruption, norms, and legal enforcement: Evidence from diplomatic parking tickets. *Journal of Political Economy*, 115(6), 1020-1048.

Hauser, C. Fighting Against Corruption: Does Anti-corruption Training Make Any Difference?. *J Bus Ethics* 159**,** 281–299 (2019). https://doi.org/10.1007/s10551-018-3808-3

Hauser, C., Simonyan, A., & Werner, A. (2021). Condoning Corrupt Behavior at Work: What Roles Do Machiavellianism, On-the-Job Experience, and Neutralization Play? *Business & Society*, *60*(6), 1468–1506. https://doi.org/10.1177/0007650319898474

Julián, M., & Bonavia, T. (2020). Psychological variables related to corruption: a systematic review. *Annals of psychology*, 36(2), 330-339

Köbis NC, van Prooijen J-W, Righetti F, Van Lange PAM (2015) “Who Doesn’t?”—The Impact of Descriptive Norms on Corruption. *PLoS ONE,10(6):* e0131830. https://doi:10.1371/journal.pone.0131830

Langan-Fox, J., Cooper, C. L., & Klimoski, R. J. (2007). *Research companion to the dysfunctional workplace: Management challenges and symptoms*. Cheltenham, Glos, UK: Edward Elgar.

Larsen, R. J. iBuss, D. M. (2018). *Personality psychology: Domains of knowledge about human nature* (6th ed.). New York, NY: McGraw-Hill Education.

Manara, M. U., van Gils, S., Nübold, A., & Zijlstra, F. (2020). Corruption, Fast or Slow? Ethical Leadership Interacts With Machiavellianism to Influence Intuitive Thinking and Corruption. **Frontiers in psychology**, *11*, 578419. https://doi.org/10.3389/fpsyg.2020.578419

Mulder, L. B., & van Dijk, E. (2020). Moral Rationalization Contributes More Strongly to Escalation of Unethical Behavior Among Low Moral Identifiers Than Among High Moral Identifiers. *Frontiers in psychology*, *10*, 2912. https://doi.org/10.3389/fpsyg.2019.02912

Rabl, T., & Kühlmann, T.M. (2008). Understanding Corruption in Organizations – Development and Empirical Assessment of an Action Model. *J Bus Ethics* 82**,** 477. https://doi.org/10.1007/s10551-008-9898-6

Rabl, T. and Kühlmann, T.M. (2009), “Why or why not? Rationalizing corruption in organizations”, *Cross Cultural Management: An International Journal*, Vol. 16 No. 3, pp. 268-286. https://doi.org/10.1108/13527600910977355

Roeser K., McGregor V. E., Stegmaier S., Mathew J., Kübler A., Meule A. (2016). The Dark Triad of personality and unethical behavior at different times of day. *Pers. Individ. Dif.* 88, 73–77. 10.1016/j.paid.2015.09.002

*The Oxford English Dictionary Online*. (2000). Oxford: Oxford University Press.

Tang, T.LP., Sutarso, T., Ansari, M.A. *et al.* Monetary Intelligence and Behavioral Economics: The Enron Effect—Love of Money, Corporate Ethical Values, Corruption Perceptions Index (CPI), and Dishonesty Across 31 Geopolitical Entities. *J Bus Ethics* 148, 919–937 (2018). https://doi.org/10.1007/s10551-015-2942-4

Zhao, H., Zhang, H., & Xu, Y. (2016). Does the Dark Triad of Personality Predict Corrupt Intention? The Mediating Role of Belief in Good Luck. *Frontiers in psychology*, *7*, 608. https://doi.org/10.3389/fpsyg.2016.00608

Szabó, Z. P., Simon, E., Czibor, A., Restás, P., & Bereczkei, T. (2021). The importance of dark personality traits in predicting workplace outcomes. *Personality and individual differences*, *183*, 111112.

# AND WHY NOT? CONTEXTUAL AND INDIVIDUAL DIFFERENCES IN CORRUPT ACTIVITIES

**Kalina Sotiroska Ivanoska**


## Abstract

Corruption slows down the economic development of society, limits progress and poses an important challenge that organizations face. The purpose of this paper is to set a brief overview of the knowledge of the relationship between individual differences and corrupt behaviour on the one hand and contextual factors and corrupt behaviour on the other, raising the question of neutralizing it. Based on the findings of relevant research, it is concluded that each individual is subjected to engaging in corrupt activities, thus develops the basis for further research and directs practical implications for corrupt prevention.


**Keywords:** *corruption, leadership, business ethics, ethical leadership*